58767



ВЧЕРА КОГА СВЕТОТ ОДБЕЛЕЖУВАШЕ 125 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЛЕМИОТ СЛИКАР

# Сликата на Пикасо остана во депото на Музејот

**Делото на Пикасо „Глава на жена“, подарена од авторот по катастрофалниот земјотрес во Скопје, во Музејот на современата уметност не е изложено од 1991 година**

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Познатата слика од Пабло Пикасо, што големиот шпански уметник пред неколку децении ја донираше на Музејот на современата уметност во Скопје, вчера не беше изложена во музејот на скопското Кале, иако цел свет ја одбележуваше 125 години од раѓањето на уметникот. Причината поради која граѓаните не можеа да ја видат „Глава на жена“ од славниот Пикасо била руинираноста на музејската зграда, вели Емил Алексиев, директор на МСУ.

- Како да ја изложиме кога само пред две недели кога врнеше, по не знам кој пат покривот прокисна. Условите во кои работиме не дозволуваат Музејот нормално да функционира - вели Алексиев.



„Глава на жена“ од Пикасо подарок на нашиот Музеј на современата уметност

На прашањето дали било можно деновиве да ја изложат сликата од Пикасо во вонредни услови, на пример, заштитена во застаклена витрина, за да се одбележи јубилејот што се прославува во целиот свет, Алексиев ни одговори:

- Илузорно е да се зборува за излагање толку скапи дела во ненормални услови, па дури и поради вакви поводи. Пикасо сè уште е „број 1“ во светот и важи за најзначаен, најуспешен и највисоковреднуван од сите уметници, но, за жал, ние не сме во состојба да го изложиме неговото творештво - вели Алексиев.

Музејската зграда ја опишува како хаварисан прекуокеански брод што поминал низ многу битки. Објектот е во руинирана состојба веќе 20 години, а постојаната музејска поставка на дела од странската колекција, меѓу кои и сликата од Пикасо, последен пат била изложена во 1991 година.

- Водиме постојана борба со елементарните временски непогоди за да го задржиме „бродот“ на површината на водата. Секоја година по неколку пати излагаме дел од колекцијата и сликата од Пикасо, но кога времето е поубаво и кога нема опасност дождот да пробие во некоја од изложбените сали - вели Алексиев.



Славниот Пикасо во своето ателје: десно долу сликата „Глава на жена“

Санацијата на музејската зграда требаше да почне пред повеќе од два месеца со донацијата од 900.000 евра од италијанската влада. Реконструкцијата е одложена за почетокот на април, зашто поради менувањето на владите во земјава и во Италија задоцнила ратификацијата на договорот. Според Алексиев, во моментот не може да почнат градежните работи зашто се наближува зимата. Сепак, вели тој, проектот за санација на Музејот е извесна и ќе трае четири месеци.

- Се надевам дека идната година, колекцијата, во која има повеќе од 5.000 дела и е една од најзначајните во овој дел од светот, ќе биде изложена - вели Алексиев.

Депото на Музејот не е загрозено зашто беше реновирано во 2001 година.

Музејот на современата уметност е основан на 13 октомври, 1963 година.

„Скопската трагедија во 1963 година поттикна чудесна солидарност во целиот свет, а еден нејзин аспект непосредно влијаеше во Скопје да се основа Музејот на современата уметност. Првите уметнички дела-подароци почнаа да пристигнуваат набрзо по трагичниот настан“, напишал реномираниот историчар на уметноста Борис Петковски, во книгата „Музеј на современата уметност“.

Меѓу подарените е и делото од Пабло Пикасо. Сликата уште повеќе „се прослави“ откако беше украдена во 1971 година. За кражбата го информирале и Пикасо. Следната година, германскиот оддел на Интерпол во Франкфурт ги фатил крадците заедно со сликата од Пикасо и таа била вратена во Скопје.